„О, луѓе, покајте се пред Аллах! Зашто јас секој ден Му се покајувам Нему повеќе од стопати.“

Ел-Егер, Аллах нека е задоволен со него, кој бил еден од асхабите на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, пренесува дека тој рекол: „О, луѓе, покајте се пред Аллах! Зашто јас секој ден Му се покајувам Нему повеќе од стопати.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, им наредува на луѓето да се каат и постојано да бараат прошка од Аллах, и истовремено ги известува дека тој лично секој ден се кае и бара прошка повеќе од стопати – иако му се простени и минатите и идните гревови. Со тоа се изразува неговата длабока понизност и целосна преданост на Возвишениот Аллах.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4809